**Друштво за меѓународна и внатрешна**
**шпедиција со јавни и царински складишта**
**ФЕРШПЕД АД**
**Бр.02 1171/10**
**31.05.2024 година**
**Скопје**

Врз основа на член 56 став 1 точка 8 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, а во согласност со член 383 став 1 точка 8 и член 478 и 479 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 31.05.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2024 година**

1. За овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на група ФЕРШПЕД за 2024 година се назначува Друштвото за ревизија Пецев Ревизија ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7408650, со седиште на ул. Дрезденска бр. 52 Скопје.

2. Овластениот ревизор од став 1 на оваа одлука поднесува извештај за извршената ревизија, според Меѓународните ревизорски стандарди (МРС) објавени во Службен весник на Република Северна Македонија што се ажурираат на годишна основа, заради усогласување со тековните стандарди онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (ИФАЦ).

3. Се овластува извршниот член на Одборот на директори - Генерален директор на ФЕРШПЕД АД Скопје да го потпише договорот за вршење ревизија со назначениот овластен ревизор од став 1 на оваа одлука.

4. Трошоците за извршената ревизија паѓаат на товар на ФЕРШПЕД АД Скопје.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение :**

Годишното собрание на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 31.05.2024 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Годишно собрание на акционери**
**Претседавач**

________________________

Елена Спиреска Кочевска